**20242564467**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ УНГАРСКАТА ЕКСПОРТ-ИМПОРТ БАНКА ПРИВАТНО ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА БУЏЕТСКО ФИНАНСИРАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИ ЦЕЛИ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт- импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2024 година.

Бр. 08-6158/1
17 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова,** с.р.

Претседател на
Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ УНГАРСКАТА ЕКСПОРТ-ИМПОРТ БАНКА ПРИВАТНО ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА БУЏЕТСКО ФИНАНСИРАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИ ЦЕЛИ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Унгарската експорт-импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност со заем во износ од 500.000.000 евра, наменет за буџетско финансирање и финансирање на општи цели.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Унгарската експорт-импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност.

Член 3

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлече во една транша.

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс-период од три години.

Каматната стапка е фиксна и изнесува 3,25%.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Унгарската експорт-импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства ќе се пресметува на дневна основа на неповлечениот дел од заемот, пресметано од датумот на достапност на средствата и ќе се плати првиот работен ден по завршување на периодот на достапност.

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 24 полугодишни рати, на 15 април и на 15 октомври секоја година.

Член 4

Во име на Република Северна Македонија Договорот за заем од членот 2 од овој закон ќе го потпише министерот за финансии.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.